**ЗАПИСНИК**
**од четвртата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС,**
**04 декември 2023 година, Скопје**

**Присутни**:
Хекуран Дука- градоначалник на општина Дебар
Звонко Пекевски- градоначалник на општина Берово
Борче Јовчески - градоначалник на општина Прилеп
Димитар Костадиноски - градоначалник на општина Јегуновце
Габриела Илиевска – претседател на совет на општина Битола

**Расправа:**

Надзорниот одбор својата 4-та седница ја водеше по следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Мислење по предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 година и предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2024 година;
2. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Мислење по предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 година и предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2024 година;

Како материјал за четвртата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС беа разгледани предлог буџетот на ЗЕЛС за 2024 година и предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2024, документи каде се предложени активностите предвидени за реализација и истите се однесуваат на лобирање и застапување на членките, информирање, испорачување на услуги во делот на техничка поддршка за корисниците и одржување на воспоставените електронски системи на ЗЕЛС, реализација на обуки во рамки на ЗТЦ како и реализација на проекти во делот на родовата еднаквост, спроведување на зелена агенда на локално ниво, унапредување на политиките за социјална заштита на локално ниво и други активности во соработка со донатори. Целосната финансиска конструкција за реализација на овие активности е димензионирана на 32,420,000 денари, пресликана во буџетот на ЗЕЛС за 2024 година.
Членовите немаа дополнителни предлози и забелешки по овие предлог документи.

1. **ОДЛУКА**: Надзорниот одбор даде позитивно мислење по предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 година и предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2024 година;

**ТОЧКА РАЗНО**

Под точката разно, беше апелирано членките редовно да ја платат членарината кон ЗЕЛС и доколку продолжи трендот на ниска наплата да се размисли да се воведат нови мерки кои би ја подобриле наплатата.

**Скопје, 04 декември, 2023 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**